Прилог бр.3		**Предметна програма од трет циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	ХОРМОНАЛЕН СТАТУС И ПАРОДОНТАЛНО ЗДРАВЈЕ			
2.	Код	ДСОМП11			
3.	Студиска програма	Трет циклус студии – докторски студии по стоматологија на Стоматолошки факултет - Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје Стоматолошки факултет – Скопје Катедра за болест на устата и пародонтот			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Трет циклус			
6.	Академска година / семестар	Година	1	семестар	1
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	6			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	**Одговорен наставник:** Проф. д-р Вера Радојкова Николовска			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	/			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	целта на предметот е студентите да се запознаат со влијанието на хормоните врз здравјето на пародонталните ткива, клиничката манифестација и можностите за третман.			
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	1.Поглавје -Нарушувања во функцијата на тироидната жлезда (хипертиреоидизам и хипотиреоидизам) и нејзините реперкусии врз пародонталниот комплекс……. 5 часа Резултати од 1 поглавје: студентот ќе се запознае со отстапувањата во функцијата на штитната жлезда манифестирани како хипертиреоидизам и хипотиреоидизам и последиците врз пародонталното ткиво. 2.Поглавје -Промени во концентрациите на паратхормонот при патолошки состојби на паратиреоидната жлезда и неговото влијание врз денталниот апарат и алвеоларната коска; Антагонистичко дејство помеѓу калцитининот и парат хормонот; ……..…… 5 часа Резултати од 2 поглавје: студентот ќе се запознае како влијаат варијациите во концентрациите на паратхормонот и неговото влијание врз забите и алвеоларната коска, како и антагонизмот помеѓу калцитининот и парат хормонот. 3.Поглавје-Нарушување на функцијата на надбубрежната жлезда - синдроми кои настануваат како негова последица; ……..... 5 часа Резултати од 3 поглавје: студентот ќе се запознае заболувањата на надбубрежната жлезда со презентирање на синдромите кои настануваат. 4.Поглавје-Влијание на гликокортикоидите и минералкортикоидите врз функционалните делови на пародонтот;…….…….... 5 часа Резултати од 4 поглавје: студентот ќе се запознае со импактот кој го манифестираат гликокортикоидите и минералокортикоидите врз сите функционални делови на пародонталниот ткивен комплекс.			

		5. Поглавје- Хипо и хиперсекрецијата на хипофизните хормоните и промени на виличните коски, забите, оралната лигавица и гингивата; …….. 5 часа Резултати од 5 поглавје: студентот ќе се запознае со промените кои настануваат при лачењето на хормоните на хипофизата и нивното влијание врз алвеоларната коска, забите и оралната лигавица. 6. Поглавје- Циклични флуктуации на половите хормони во физиолошкиот период -пубертет и консеквентни промени врз пародонталните ткива; ..…… 5 часа Резултати од 6 поглавје: студентот ќе се запознае со влијанието кое го манифестираат половите хормони врз пародонтот кај децата во период на матурација. 7. Поглавје Циклични флуктуации на половите хормони во периодот на бременост и промените кои настануваат кај пародонталните ткива; ……. 5 часа Резултати од 7 поглавје: студентот ќе се запознае со влијанието на половите хормони врз пародонтот во физиолошкиот период-бременост. 8. Поглавје Циклични флуктуации на половите хормони во периодот на менопауза и промените кои ги манифестираат врз пародонталните ткива; ……. 5 часа Резултати од 8 поглавје: студентот ќе се запознае со влијанието кое го манифестираат половите хормони врз пародонтот кај жените во период на менопауза. 9. Поглавје- Функционални промени на пародонталниот супстрат и целокупната орална лигавица како реперкусија од нарушена секреција на панкреасот и нарушениот метаболизам на јаглехидратите. ……..... 5 часа Резултати од 9 поглавје: студентот ќе се запознае со промените кои настануваат како резултат на пореметената секреција на панкреасот врз пародонтот и оралната лигавица. Вкупно.....45 часа	
13	Заемна поврзаност на предметите	Научни испитувања во психостоматологијата		
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	- Презентација на методските единици од страна на професорот; - Дискусија на часовите за методските единици; - Дискусија на студентите со професорот за најновата литература поврзана со содржините на предметот.		
15.	Вкупен расположив фонд на време	180 часа		
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава. часови	45
		16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски), <u>семинари, тимска работа</u>: часови	30
		16.3.	Пракса: часови	
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи: часови	20
		17.2.	Самостојни задачи: часови	25
		17.3.	Домашно учење - задачи	60
18	Услови за потпис	Редовно присуство на теоретската настава и изработка на семинарски труд.		

19	Начин на оценување				
	19.1.	Тестови: бодови			40
	19.2.	Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови			20
	19.3.	Завршен испит: бодови			40
20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)		до 59 бода		5 (пет) (F)
			од 60 до 68 бода		6 (шест) (E)
			од 69 до 76 бода		7 (седум) (D)
			од 77 до 84 бода		8 (осум) (C)
			од 85 до 92 бода		9 (девет) (B)
			од 93 до 100 бода		10 (десет) (A)
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата		Самоевалуација од страна студентите, проодноста на студентите кои го положиле предметот, редовни состаноци на наставниот кадар за преглед на успешноста и идентификација на подобрувања, надворешна евалуација.		
22.	Литература				
	22.1.	Задолжителна литература			
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Michael G. Newman et al	Newman and Carranza's Clinical Periodontology and Implantology 14th Edition	Elsewier	2023
		2.	Palmer R, Floyd P	Periodontology	Springer	2021
		3.	Steph Smith, Khalid Almas	Essential Periodontics	Wiley-Blackwel	2022
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Matthias Rzeznik	Clinical Periodontics A Modern and Preventive Approach 1st Edition	Quintessence Publishing	2023
		2.	Josefine Hirschfeld / Iain L. C. Chapple	Periodontitis and Systemic Diseases Clinical Evidence and Biological Plausibility	Quintessence Publishing	2021
		3.	Suarez, Fernando	Periodontics The Complete Summary 1st Edition	Quintessence Publishing	2021